Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2024/2025 година (бр. 09-952/3 од 20.9.2024 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

**И Н Т Е Р Е Н   О Г Л А С**
**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии во учебната 2024/2025 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје формира комисија.

4. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2024 година до Претседателот на Комисијата** на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

Со пријавата, во Архивата на Факултетот, апликантите ги доставуваат и следниве документи:

- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата, (Уверение за остварени приходи за сите возрасни членови на семејството издадено од Управа за јавни приходи);
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или

– за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

5. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител Филолошкиот факултет ќе изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на Филолошкиот факултет најдоцна до 20.10.2024 година.

6. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг - листи најдоцна до 28.10.2024 година. Комисијата на Филолошкиот факултет ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината за Филолошкиот факултет.

7. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2024 година**.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**СКОПЈЕ**